Друштвото за производство на електрична енергија и топлина ТЕ-ТО АД Скопје е претпријатие чија основна дејност е когенеративно производство на електрична и топлинска енергија во комбиниран циклус. Средниот годишен капацитет на постројката е 220 MW за производство на електрична енергија и 160 MW за производство на топлинска енергија. ТЕ-ТО АД Скопје е независен производител на енергија (IPP-Independent Power Producer) кој го снабдува со електрична енергија пазарот во Република Северна Македонија и во регионот, но учествува и на меѓународни пазари. Топлината која се генерира во рамките на производниот процес на постројката се предава на градскиот топлински дистрибутивен систем.

ТЕ-ТО АД Скопје има потреба од вработување на динамична и мотивирана личност за пополнување на 1 (една) позиција:

1. **Оператор - техничар (1 позиција)**

<u>Опис на работното место:</u>
Операторот - техничар е задолжен за следење на производствениот процес и обезбедување на негова непречена работа со навремено препознавање на потенцијалните опасности и навремено спречување на можните неусогласености во оперативноста на централата.

- Работа во 12 часовни смени, вклучувајќи и ноќна работа.
- Реализација на процедурите за старт, управување, исклучување или презервација на постројката.
- Управување прку далечински контролен систем - ДЦС. Далечинско вклучување и исклучување на опремата.
- Редовна контрола на исправноста и функционалноста на целокупната електрична, машинска опрема и автоматиката на постројката и евиденција за состојбата на истата.
- Пријавување на неправилна работа или отчитување на опремата до непосредниот сменски раководител.

<u>Потребни квалификации</u>:
- ССС машински или електро техничар
- Добро познавање на говорен и пишан англиски јазик
- Способност за работа во тим
- Работа со компјутер
- Работно искуство во индустрија ќе се смета за предност

Операторот - техничар ќе добие обука од страна на компанијата.

<u>Придобивки:</u>
Работа на state of the art технологија. Можност за професионален развој. Континуирано надградување на знаењето. Пријатна работна атмосфера. Приватно здравствено осигурување. FitKit апликација.
Заинтересираните кандидати можат да се пријават со доставување на кратка биографија.